

Роксана Јенџејевска~Врубел

Расположенијата на Хиполит Колбас



илустрации
Гражина
Ригал

Негемот
Скопје, 2017

Издавач: Бегемот, Скопје 2017
Ул. „Ѓуро Малешевец“ бр. 4б, 1000 Скопје
Телефон +389 70 741 782
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
е-пошта: info@begemot.mk

Наслов на оригиналот: Humory Hipolita Kabla

© ADAMADA (Gdańskie Wydawnictwo Oświatowe), Gdańsk (Polska) 2015, „Humory Hipolita Kabla”
Macedonian edition © 2017 by Begemot

Главен уредник: Филип Димевски
Превод од полски јазик: Филип Димевски
Јазична редакција: Андреј Јованчевски и Ѓоко Здравески
Графичка подготовка: Бегемот

www.begemot.mk

Тираж: 500

Печат: ПЕЧАТНИЦА БРАНКО ГАПО
Ул. 852 бр. 58, 1000 Скопје

Книга е објавена со финансиска поддршка од:

BOOK INSTITUTE
©POLAND



CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски”, Скопје

821.162.1-93-34(084.11)

ЈЕНДЖЕЈЕВСКА-Врубел, Роксана
Расположенијата на Хиполит Колбас / Роксана Јенджејевска-Врубел ; илустрации Гражина Ригал ; [превод од полски јазик Филип Димевски]. - Скопје : Бегемот, 2017. - 40 стр. : илустр. во боја ; 24 см

Превод на делото: Humory Hipolita Kabla / Roksana Jędrzejewska-Wróbel ; Ilustracje Grażyna Rigall

ISBN 978-608-4718-78-9
1. Ригал, Гражина [илустратор]

COBISS.MK-ID 104935690

Иако Хиполит Колбас е измислен лик, неговиот протетичар, Јованчарот Колбас, навистина постоеше и беше куче со карактер. Затоа нему и на неговата сакана газдарица Јоана е посветена оваа книга.




SPAGHETTI
№
4


Не е сè загубено

Еден пријатно сончев ден, Хиполит Колбас, јазовичар со кратко крзно во најдобрите години, се врткаше низ кујната во одлично расположение. Тукушто заврши со средувањето на шкафчето со ќебенцата, претходно ги пребриша прозорците, а сега, со цедалка во шепичката, чекаше да се сварат шпагетите. Планираше да ги подготви со сос болоњезе и овој неамбициозен, но пријатен план неочекувано му предизвика голема радост.

Сонцето светеше, прозорците блескаа, а срцето на Колбас го исполни блаженство. Толку големо што му дојде желба да заигра. И играше, со цедалката во шепичката. А кога тоа веќе не беше доволно, реши да ја сподели својата среќа со другите. Па, го зграпчи телефонот и му се јави на својот најдобар пријател, мачорот Среќко Котлев, за да го покани на ручек. Потоа бргу отрча кај шпагетите, па бидејќи тие сè уште не беа готови, а блаженството во срцето и понатаму прекумерно му жуборкаше, Колбас си помисли дека, штом блаженството е толку големо, тогаш ќе го сподели со поблиските и подалечните (иако поскоро само со подалечните) пријатели од кучешкиот портал „Куќарка“.

Не го посетуваше многу често, но многу се беше изнаслушал за тоа дека „Куќарка“ е фантастично место. Па, си направи слика со чистите прозорци во заднина и ја прикачи на својот профил со пораката: „Среќен сум, готвам ручек“.

Притоа, сирна што има и по другите профили. Сепак, она што го виде предизвика да му исчезне апетитот за сосот болоњезе, како никогаш да го немал. Оти, ете, од мониторот го нападнаа пехари од изложби, медали од ревии и насмевки од под палми и од базени.



Еден пријател кокер шпаниел гордо презентираше огромна индијанска перјаница, а една пудлица – паунов опаш. Колбас уште не беше видел ниедно куче со перјаница, а да не зборуваме за паунова опашка. А пораките! „Ви мавтам со опавчето од највисоката планина во светот!“, „Штотуку победив на натпреварот во танцување!“, „Јас сум најдобриот дресер на глувци. Еве ја мојата диплома со одликата“. Никој! Никој не се фотографирал со цедалка за цедење шпагети! Никој! Никој не напишал дека е среќен бидејќи ги пребришал прозорците.

Во еден миг, на местото на задоволството поради пријатно и корисно поминатиот ден, во срцето на Колбас дојдоа љубомората и чувството дека е тотален клапчо. Единствениот јазовичар кој на светот и на пријателите од „Кучешка куќарка“ нема апсолутно ништо што да им понуди. Ниту диплома, ниту палми, дури ниту малечко базенче. Исто така, никогаш не дресирал глувци, напротив, тој другаруваше со нив! По некое време мрачно размислување, ја избриша својата веќе комплетно неактуелна радосна порака, го затвори компјутерот и се одвлечка да ги исцеди шпагетите, кои за тоа време стасаа да се прилепат на тенџерето.

– Дури ни шпагети не знам да зготвам како што треба, за никаде сум, комплетно за никаде. Сè е загубено... Ако нема со што да се покажеш, тогаш нема што да бараш на „Кучешка куќарка“ – мрмореше под нос, постилајќи ја масата.

– „Кучешка куќарка“? – се заинтересира Котлев, кој штотуку се појави на вратата. – Зборуваш за она чудно нешто што го основале кучињата за да се перчат меѓу себе?

– Мачките немаат своја „Куќарка“ на интернет? – се зачуди Колбас.

– Секако дека немаат! Ние, мачките, не сакаме да се споредуваме, премногу сме исклучителни за тоа – пуфна Котлев и на масата стави шише дождовна вода. – Тазе, право од вир, таман за ручекот.

Присуството на најдобриот пријател предизвика Хиполит да престане да мисли на „Кучешка куќарка“ и, макар што прекрасната блажина веќе не се врати, кога седнаа на шарено наместената маса и запалија свеќи, се почувствува сосема добро. Сосот болоњезе мирисаше убиствено, зелениот босилек му додаваше убавина, а светлината од свеќите – мекост.

– Ако направиш фотографија од горе, речиси би изгледало како во ресторан – рече Хиполит, накривувајќи ја главата.

– За што зборуваш ти? – не разбра Котлев, со главата нурнат во чиничето дождовница.

– Не, ништо... Само онака си размислувам зошто на фотографиите сè е сосема поинакво отколку во реалноста. Дури и сосема малечко базенче изгледа многу подобро од најголемото блаженство – воздивна Колбас и одеднаш живна. – А јас... А јас да си направам базен, а Среќко?

